**Програма за работа на кандидатот за декан на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје во периодот март 2026- март 2029**

Програмата за работа на кандидатот за декан за мандатниот период од наредните три години (2026-2029) е продолжување на успешното работење на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, како и унапредување на дејноста на највисоката високообразовна и научна установа на Македонската православна црква – Охридска Архиепископија. (МПЦ-ОА). Православниот богословски факултет (Факултетот) има мисија да обезбеди најдобро образование за своите студенти, со цел да ги подготви за мисијата на Црквата и да ги развие нивните христијански вредности и добродетели. Програмата предвидува развивање и одржување на научната и образовната дејност, меѓународната соработка, збогатување на интердисциплинарните содржини со цел подобро информирање и образование на студентите. За таа цел, Факултетот има акредитирани студиски програми за сите три циклуси на студии, како и подобрени просторни и материјални ресурси. Исто така, веќе се имплементирани нови информатички технологии преку кои се евидентираат резултатите и напредувањето на студентите, се олеснува пристапот на професорскиот кадар до потребните информации, како и административните процеси на факултетот. Од друга страна, факултетската настава би требало да се спроведува и надвор од просториите за настава, преку изведување на настава или конференции од страна на наставниот кадар, наменета за свештенството на МПЦ-ОА, вероучителите и верниците.

На кратко, програмата за работата на деканот ќе биде претставена во продолжение во неколку главни насоки кои опфаќаат повеќе активности.

**Научно-образовна дејност**

Во овој дел од програмата за работа на деканот се опфатени образовните и научно-истражувачките активности на факултетот и наставните кадри. Дел од тие активности се:

- Зајакнување на научноистражувачките капацитети на Факултетот и научната дејност на наставниот кадар преку организирање и учество на научни собири и научноистражувачки проекти; формирање меѓународни уредувачки одбори за

изданијата на факултетот; создавање на листа со православни теолошки референтни списанија индексирани во меѓународни истражувачки бази, како и овозможување пристап до нив;

- Заеднички активности на наставниот кадар; тимска работна атмосфера; заедничка соработка и работа во научно-истражувачки проекти; издавање на учебници и наставни помагала за потребите на студентите на Факултетот, монографии, зборници и преводи за потребите на наставно-образовната дејност на Факултетот;
- Остварување на соработка со други високообразовни и научни установи и остварување на заеднички проекти; збогатување на интердисциплинарните содржини во образовниот процес, со цел информирање и подготовка на студентите за современите предизвици со кои се соочуваат;
- Промовирање на студиите на Православниот богословски факултет за сите студиски циклуси, на ниво на МПЦ-ОА; учество во промотивните активности на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј";
- Одржувања на конференции и предавања за клирот и верниците од составот на МПЦ-ОА;
- Збогатување на библиотечниот фонд со теолошка литература на македонски јазик, како и на странски јазици; уредување на читална за потребите на студентите;

**Меѓународна соработка**

Што се однесува на меѓународната соработка на Факултетот, таа треба да продолжи да се негува и да се проширува преку следните активности:

- Проширување на меѓународната соработка, особено со православни високообразовни и научни институции; склучување на договори за соработка со прецизна назнака во која област или дејност ќе се обвива соработката и други придружни информации; меѓународни проекти во областа на научно-истражувачката и наставната дејност; интеграција на Факултетот во програмата Еразмус+ со цел овозможување на мобилност за наставниот кадар и за студентите во странство;

**Финансирање на Факултетот**

Работење на унапредување на можностите за финансирање на работењето на Факултетот, како и на можноста да се зголемат платите на наставно-научниот кадар и на административниот кадар на нашата високообразовна институција.

Сите погоре споменати активности можат да бидат надополнети со нови, преку предлози и консултации со членовите на факултетската заедница во духот на тимската соработка и христијанските духовни вредности.

Скопје, 27.02.2026

Презвитер доц. д-р Илче Мицевски-Игнат